УСПЕШЕН НАСТАП НА МАКЕДОНСКАТА ЖЕНСКА ЕКСПЕДИЦИЈА НА ФЕСТИВАЛОТ „ЖЕНИ ТВОРЦИ...“ ВО СОЛУН

# ДОСТОИНСТВЕНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО ТВОРЕШТВО

Специјално за „Вечер“ од Солун, МАРИНА КОСТОВА

**Солун, 1 септември. – Околу 550 уметнички од 30 земји, од Европа, Азија и Африка учествуваат на првиот Фестивал „Жени творци од двете мориња – Медитеранското и Црното Море“ што веќе три дена отече во Солун. На седумдневниот мултимедијален Фестивал, во организација на УНЕСКО – Центарот за жени и мир на Балканот и на манифестацијата „Солун 97“, учествува и 70 члена македонската експедиција од сите области на уметничкото творештво. Под покровителство на нашето Министерство за култура, ова е најкрупниот проект за презентација на македонската култура во Грција.**

Фестивалот што се одржува на неколку различни места низ целиот град, свечено се отвори завчеравечер, со обраќањето на градоначалникот на Солун и оперски концерт на кој настапи и македонската пејачка, Славица Петровска. Главен настан во изминативе два дена беше големата ликовна изложба поставена во една напуштена зграда на солунското пристаниште, со дела од 50 уметнички, меѓу кои апсолутен хит беше инсталацијата на македонската скулпторка, Искра Димитрова. На фото изложбата, отворена завчера, изложува и Елизабета Аврамовска, а во рамките на филмскиот фестивал, вчера беа прикажани и анимираните филмови на Афродита Марковиќ.

**За прв пат на македонски јазик во Грција, завчера, е изведена и една театарска претстава – со „Слугинки“ гостуваше битолскиот Народен театар. Вчеравечер е отворена изложбата на книги на која има и македонска поставка со дела од 76 авторки, а на поетското читање учествуваа и поетесите Светлана Христова – Јоциќ, Олга Арбуљевска и Вера Калајлиева. Меѓу 14 концерти на Фестивалот е и рециталот на пијанистката, Јасминка Чакар одржан вчеравечер, а на архитектонскиот конкурс за награди со проекти учествуваат и Сандра Грачанец и Билјана Богатиновска. Ликовната критичарка, Сузана Милевска настапи на панел дискусијата за ликовната уметност, а на филмскиот панел денеска учествува и филмската критичарка, Марина Костова.**

До крајот на фестивалот, в четврток, во Солун ќе настапат и КЦ „Интерарк“ со балетот „Вакум“ и Женскиот младински хор МКЦ, а ќе биде презентирано и уметничкото видео на Жанета Вангели.